РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
Бр 08-126/1
06.02. 2026 год
ПЕХЧЕВО

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр. 202/24) и член 30 став 1 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на ден 06.02.2026 година донесе:

# ОДЛУКА
## за усвојување на годишен извештај за реализирани активности од програмата за здравствена и социјална заштита на општина Пехчево за 2025 година

**Член 1**

Со оваа Одлука советот на општина Пехчево го усвојува годишниот извештај за реализирани активности од програмата за здравствена и социјална заштита на општина Пехчево за 2025 година.

**Член 2**

Годишниот извештај за реализирани активности од програмата за здравствена и социјална заштита на општина Пехчево за 2025 година, е составен дел од оваа Одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пехчево.

Совет на општина Пехчево
Претседател
Миле Гошевски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
Бр 01-126/2
06.02.2026 год
ПЕХЧЕВО

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАНИТЕ АКТИНОСТИ ОД ПРОГРАМАТА ЗА ЗДРАВСТВЕНА И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО ЗА 2025 ГОДИНА



**Февруари, 2026 година**

## ВОВЕД

Активностите на општина Пехчево во областа на здравствената и социјалната заштита се насочени кон поттикнување, поддржување и помагање за остварување на целите на оваа Програма, кои се однесуваат на изнаоѓање форми на згрижување на социјално ранливи групи, создавање на поквалитетни услови на децата и младите во локалната заедница, поттикнување на населенеието на размислување за форми на социјална заштита, изнаоѓање на различни форми за помош на социјално ранливи категории.

Општина Пехчево, преку вработените службеници во Одделението за општи, правни работи и јавни дејности, Одделението за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина, Одделението за ЛЕР и Комисијата за заштита на пациенти, ја спроведува и ја следи реализацијата на оваа програма, покренува иницијатива и дава мислења и предлози во врска со остварувањето на предвидените активности и зацртаните цели.

## РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ОД ПРОГРАМАТА ЗА ЗДРАВСТВЕНА И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО ЗА 2024 ГОДИНА

| Реден број | Опис на активноста | Корисници | Реализирани средства | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Доделување на парична помош за новороденче и прворождено дете во календарската година | Новородени деца чии родители се жители на Општина Пехчево<br><br>и<br><br>Прворođеното дете во тековната година чии родители се жители на Општина Пехчево<br><br>**Вкупно:** | 110.000,00<br><br>6.000,00<br><br>**116.000,00** | Средствата се обезбедени од Буџетот на Општина Пехчево за 2025 година<br><br>5.000,00 денари за секое новородено дете, вкупно 22 новородени деца од кои 14 се женски и 8 се машки и 6.000,00 денари за прворородено дете - машко |
| 2. | Право на финансиска помош и поддршка на жители на Општина Пехчево | Физички лица кои се жители на Општина Пехчево кои припаѓаат на социјално загрозни групи кои ги исполнуваат следниве услови:<br>- Здравствен проблем за кој лицето доставува соодветна документација;<br>- Еднородителски семејства во социјален ризик со доставување на соодветна документација; | 190.000,00 | Средствата се обезбедени од Буџетот на Општина Пехчево за 2025 година |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - Подносителот на брањето може да го оствари правото на финансиска помош и поддршка само еднаш во текот на календарската година | | |
| 3. | Инклузија на деца Роми во Јавните образовни установи – детски градинки во Општина Пехчево | Деца Роми од Општина Пехчево опфатни со проектот кој се реализира во соработка со Министерството за труд и социјална политика, детската градинка „7 Септември“ – Пехчево и Општина Пехчево, а се однесува на инклузија на деца Роми | 34.200,00 денари | Средствата се обезбедени од Буџетот на Општина Пехчево за 2025 година<br><br>Вкупно: 3 деца Роми од кои 1 се женски, 2 се машки |
| 4. | Парична помош за децата запишани во прво одделение | Деца од Општина Пехчево запишани во ООУ „Ванчо Китанов“ - Пехчево во прво одделение во 2025/2026 година | 66.000,00 | Средствата се обезбедени од Буџетот на Општина Пехчево за 2025 година<br><br>Вкупно се запишани 25 првачиња од кои се 15 женски, 10 се машки |
| 5. | Програма за работно ангажирње – Јавни работи | Невработени лица регистрирани во Агенција за вработување | <u>**Ноември/Декември:**</u><br><br>**Општина Пехчево:** 48.000,00 | Средствата се обезбедени од Буџетот на Општина Пехчево - 48.000,00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | **АВРСМ:** 192.000,00<br><br>**Вкупно: 240.000,00** | денари и од Буџетот на АВРСМ – 192.000,00 денари. Беа ангажирани вкупно 8 лица од кои 5 жени и 3 мажи |
| 6. | Едукативно предавање на тема: „Орално здравје“ | Децата од прво и второ одделение од ООУ „Ванчо Китанов“ - Пехчево | **1.200,00** | Средствата се обезбедени од спонзори |
| **ВКУПНО:** | | | **647.400,00 денари** | / |

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Општина Пехчево од Програмата за здравствена и социјална заштита за 2025 година има реализирано поголем број на активности од областа на социјалната заштита, а помал дел од областа на здравствената заштита.

За првата активност **„Доделување на парична помош за новороденче и прворoccupied дете во календарската година“** од Буџетот на Општина Пехчево, потрошени се **116.000,00 денари** за новородени деца на територијата на Општина Пехчево чии родители се жители на Општина Пехчево. Станува збор за вкупно 22 новородени деца од кои 14 се женски, а 8 се машки. Додека еднократната парична помош од **6.000,00 денари** ја доби прворoccupied детето во Општина Пехчево кое е машко дете.

За активноста **„Право на финансиска помош и поддршка на жители на Општина Пехчево“** од буџетот на Општина Пехчево потрошени се вкупно **190.000,00,** додека во Програмата за здравствена и социјална заштита за 2025 година за оваа активност беа предвидени **200.000,00 денари**.

**„Инклузија на деца Роми во Јавните образовни установи – детска градинка во Општина Пехчево“** уште една активност која Општина Пехчево ја имаше предвидено во Програмата за социјална и здравствена заштита за 2025 година и истата ја има реализирано во оваа година. Општина Пехчево за оваа активност има потрошено вкупно **34.200,00 денари** за 3 деца Роми од кои 1 се женски, а 2 машки. Месечно се плаќа 950 денари по лице, односно 3 деца по 950 денари, вкупно 2.850,00 денари месечно. За 12 месеци односно за цела година потрошени се **34.200,00 денари.** За оваа активност во Програмата имаше предвидено вкупно **50.000,00 денари.**

За активноста **„Парична помош за децата запишани во прво одделение“** од Буџетот на Општина Пехчево потрошени се вкупно **66.000,00 денари** за вкупно 22 првачиња. Во прво одделение запишани се вкупно 25 првачиња , кои се запишале во прво одделение во ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево и подрачните училишта од кои 10 се машки, а 15 се женски, но еден ученик има повторувано и не го следува еднократна парична помош и за двајца ученици нема поднесено барања за исплата на еднократна парична помош за прваче. Затоа исплатата е

за 22 првачиња по 3.000,00 денари, вкупно потрошени **66.000,00 денари.** Во годишната програма за оваа мерка предвидени се **130.000,00 денари.**

За реализирање на **„Програмата за работно ангажирање – јавни работи“,** во Програмата за здравствена и социјална заштита како активност „ Помош на нега на стари и изнемоштени лица“, Општина Пехчево аплицираше на повикот за јавни работи, а не повикот за општинско корисна работа, но сепак целна група и на двата повика беше невработени лица регистрирани во Агенцијата за вработување. За оваа активност потрошени се вкупно **48.000,00** од Буџетот на Општина Пехчево, **192.000,00** од АВРСМ, значи вкупно **240.000,00 денари.**

Едукативното предавање „Орално здравје“ беше организирано од страна на Општина Пехчево, согласно Програмата за здравствена и социјална заштита на Општина Пехчево за 2025 година, на учениците од прво и второ одделение во ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево, од страна на Доктор Марија Арсова Апостоловска - Специјалист по детска и превентивна стоматологија. На сите деца од страна на спонзор беа купени четки за заби и на секое едно дете беше подарена четка за заби. За тоа беа потрошени 1.200,00 денари, кои беа спонзорство и не се потрошени од буџетот на Општина Пехчево.

Во Програмата за здравствена и социјална заштита на Општина Пехчево за 2025 година беа предвидени вкупно **785.000,00 денари**, а потрошени се вкупно **647.400,00 денари**.

Изработил:

Елица Јовевска

Советник за планирање на ЛЕР

Совет на Општина Пехчево

Претседател

Миле Гошевски

Бр.

Датум